09-346/3
17 -06- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-5170/1 од 06.11.2023 година, оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицето ____________, вработена како редовен професор на Факултетот __________________ при Универзитетот ____________-, **СЕ ЗАПИРА** од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-5170/1 од 06.11.2023 година, е оформен врз основа на пријава од познат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, поради сомневање за постоење на судир на интереси во две ситуации и тоа:

Изборот на лицето __________ за наставно – научно звање на Факултетот за __________--, за кој се наведува дека бил внук на поранешната проректорка на Универзитетот ___________________________. Се наведува дека истата била член на рецензионата комисија за избор на наставник за лицето ____________- и негов ментор.

Вториот случај се однесува на избор на лицето ____________ за наставно – научно звање на Факултетот за ______________-, за кој се наведува дека бил син на деканот ___________ од УКИМ и за кој била формирана несоодветна рецензиона комисија.

Државната комисија за спречување на корупцијата заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, се обрати до Државниот просветен инспекторат со Барање заведено под бр.09-5170/2 од 18.12.2023 година, за вршење на вонреден инспекциски надзор на Универзитетот ____________ во врска со наводите од поднесената пријава.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати и до пријавената ________________, поранешна проректорка на Универзитетот ______________________-, а воедно вработена на истиот Универзитет, со Барање за доставување на податоци и инфорации заведно под бр.09-346/1 од 24.01.2024 и со барање од нејзина страна да биде доставена изјава заверена на нотар во однос на тоа дали лицето ________________, доцент проф. на Факултетот ________________- при Универзитетот ______________е нејзино блиско лице во смисла на член 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Од страна на Државниот просветен инспекторат до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Допис со бараните податоци и информации со бр. 09-5170/3 од 02.01.2024 година, со прилог Записник бр.09-191 од 13.11.2023 година од извршен вонреден инспекциски надзор на Универзитетот ____________, Факултет за ____________. Видно од Записникот е дека Државниот просветен инспекторат во согласност со своите надлежности, постапувајќи по пријавата за проверка на изборот во наставно научно - звање доцент на проф ____________-- и соработник - асистент м-р _________ на Факултетот _____________, констатирал дека и двата избори се во согласност со чл.171, чл.172 и чл.173 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/2018), како и дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор, поради што постапката се запира согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр 102/2019 година).

Во законски утврдениот рок, лицето ________________ вработена на Факултетот ________________ достави Изјава под бр. 09-346/2 од 29.01.2024 година заверена на нотар, со која изјавува дека доцент ________________, вработен на Факултетот за

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

________________ при истиот Универзитет не е нејзино блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 10.06.2024 година одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. - раководител
Одобрил: С.С.М. - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk